Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

Бр.-Nr. 02-919/1
30.01 20 24 год.-viti

Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19), во врска со поднесеното барање по е-пошта од 24.01.2024 година од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ од Скопје, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ПРИФАЌА** барањето од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ од Скопје за пристап до информации од јавен карактер.

Му се овозможува на барателот Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ од Скопје да се запознае со содржината на бараната информација со препис во истата.

## Образложение

Барателот на информацијата - Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ од Скопје на ден 24.01.2024 година до Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје поднесе барање за увид во постапката за јавна набавка и инсталација на крајни станици бр. 15791/2023 и тоа:

- Одлука за јавна набавка;
- Записник од отворањето на понудите;
- Записник од спроведениот технички дијалог;
- Пристигнати понуди или пријави за учество (Образец на понуда – Финансиска понуда)
- Извештај за извршената евалуација;
- Извештај за спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка;
- Одлука за извор на најповолна понуда или поништување на постапката која одговорното лице ја донесе во врска со постапката;
- Извештај од спроведената е-аукција;
- Потпишан Договор за јавна набавка или рамковната спогодба и
- Записник со инструкции добиени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола.

Информацијата ја бараат во форма на електронски запис по е-маил.

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје на 21.08.2023 година донел Одлука за јавна набавка со предмет – Набавка и инсталација на крајни станици.

**ПРИЛОГ:** Одлука за јавна набавка бр. 05-5061 од 21.08.2023 година

Членовите на Комисијата за јавни набавки за спроведување на технички дијалог на ден 30.08.2023 година составиле Записник од спроведен технички дијалог.

**ПРИЛОГ:** Записник од спроведен технички дијалог од 30.08.2023 година

На ден 10.10.2023 година АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје донел Одлука за поништување на постапка за доделување на договор за јавна набавка бр. 15791/ 2023 г. со констатација дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци.

**ПРИЛОГ:** Одлука за понишување на постапката за доделување на договор за јавна набавка бр. 05-5061 од 21.08.2023 година, 05-5061/1 од 10.10.2023 година

Бидејќи постапката за јавни набавки е поништена пред да се донесат останатите документи содржани во барањето доставено по е-пошта од 24.01.2024 година од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ од Скопје, Имателот постапи во целост по барањето.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**Zuhdi Emini**

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но

- Барател
- Службени лица за посредување со ИЈК
- Архива